Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.7.2019 година

Скопје, јули 2019 година

# З А П И С Н И К
## од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.7.2019 година

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на

Република Северна Македонија, м-р Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и претставник од Министерството за економија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ Усвојување на Записникот од 140-та седница на Владата, одржана на 18.6.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Предлог за определување на заменик на претседателот на Владата
- Предлог за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане-Миратовац, со предлог текст на Протоколот на македонски јазик
- Извештај од Тринаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните
- Предлог за насочување на дејствијата на Владата на Република Северна Македонија со работите од областа на финансиите и финансиската политика и спроводување на програмските определби од областа на финансиите

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Програма за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола

3. Информација за финансиска поддршка на ЈП „Агро - берза“ Скопје

4. Информација за долгорочно задолжување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, (рефинансирање) и потребата од донесување на Одлука за одобрување на работењето на Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на одлуката за одобрување на засновање на заложно право над правото на долготраен закуп на земјиште под Катна гаража 9.13 Голем ринг и хипотека на објект Катна гаража 9.13 Голем ринг во Скопје (имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит KR2019/12128) и Одлука за одобрување на работењето на Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на одлуката за одобрување на засновање на заложно право над правото на долготраен закуп на земјиште под Катна гаража 5.13 Мал ринг во Скопје и хипотека на објект Катна гаража 5.13 Мал ринг во Скопје (имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит KR2019/12131)

5. Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2018 година, со Извештај на независните ревизори и Предлог-одлуки

6. Информација за изготвување закон за донирање на вишокот на храна

7. Информација за Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство,преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за продажба на движни ствари за кои трајно престанала потребата од користење

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година

10. Информација со Предлог-одлука за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности

11. Предлог-одлуки за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 11 моторни возила)

12. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (разна стока) со правосилни одлуки-пресуди на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи и Министерство за правда -Управа за извршување на санкциите

13. Информација за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

14. Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука за давање согласност на статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

15. Барање согласност за давање под долготраен закуп по пат на непосредна спогодба на дел од КП бр.1936/2 КО Скудриње, запишана во Имотен лист 499 со површина од 20М2 заради изградба на трафостаница, со Предлог-одлука

16. Информација со Предлог-одлуки за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица", со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св.Наум

17. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на доброволно противпожарно друштво „Бајрам Мифтари"- Чаир

18. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, со Предлог-одлука. Предлагач: ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците-Скопје

19. Информација со Правилници за измена на Правилници за инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки

20. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија. Предлагач: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани

**б) економски систем и тековна економска политика**

21. Предлог-закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој

22. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ДЕСТ“ - Дејанчо Атанасов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, општина Илинден, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, општина Илинден, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена г4-стоваришта со придружни содржини КО Ропаљце и КО Виштица-вон г.р., општина Липково, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

28. Извештај од Втората седница на Мешовитиот комитет за економска соработка меѓу Република Северна Македонија и Чешката Република

29. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште општина Прилеп согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/19), со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Забрдо“, општина Новаци, со Предлог-одлука

31. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за Концесионерот „СУПЕР НОУВА ЕНЕРГИ“ Дооел Тетово за локацијата бр.105 и 106 Одранска река и бр. 107 Беловишка река

32. Информација со Предлог-одлука за Концесионерот „ИМПГ“ ДОО за локациите бр. 373 Ештеричка река, бр.158 Кадина река, 351 Зрновска река и 353 Зрновска река за одобрување промена на управувачкиот пакет и пролонгирање на рокот за изградба на хидроелектраните

33. Информација со Предлог-одлуки за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за производство на електрична енергија ХЕЦ 408 ДОО Скопје, како и во Друштвото „ЕНЕРЏИ ЛУКС“ ДООЕЛ-Штип

34. Информација за статусот на воспоставувањето на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион

35. Информација за потребата од обезбедување просторни услови и кадровско доекипирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа

**в) политички систем**

36. Предлог-закон за ратификација на Амандманот од Доха на Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени

37. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање нов граничен премин меѓу двете земји кој ќе ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција

38. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во Регионот на Преспанското Езеро

39. Информација за ослободување од бесперспективно оружје на Армијата на Република Северна Македонија

40. Информација за потребата од уништување на оружјето кое се наоѓа во просториите на касарна Еребино

41. Информација за Интегрираниот план за нуклеарна безбедносна поддршка на меѓуресорската Работна група и Меѓународната агенција за атомска енергија

42. Информација за користењето на веб-апликацијата систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари

43. Информација за формирање меѓуресорска работна група за подготовка на анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и користењето на истата, со Предлог- решение

44. Информација за мапирање на јавните институции и локации за бесплатен WIFI пристап

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

45. Предлог-програма за изменување на програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година

46. Предлог-методологија за изменување и дополнување на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите

47. Информација со Предлог-одлука за измена на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје

48. Информација за извршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството

49. Информација со Акциски план за зајакнување на капацитетите на националниот систем за следење, превенција и контрола на заразни болести

50. Информација со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година, со Предлог-одлука

51. Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година

52. Предлог-одлука за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип во академската 2019/2020 година

53. Предлог-одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РЕпублика Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во учебната 2019-2020 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

54. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2019 година

55. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на села во 2019 година

56. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Народна банка на Република Северна Македонија

57. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност/земјиште сопственост на Република Северна Македонија

### б) политички систем

58. Предлог-одлука за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Тунис

59. Предлог-одлука за воспоставување на дипломатски односи помеѓу Република Северна Македонија и Федерацијата на Свети Кристофер и Невис

60. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „MILEX 19", во Кралство Белгија и Република Грција

61. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „CAMBRION PATROL“, во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

62. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „MAPLE ARCH 19“, во Грузија

63. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „RAMSTEIN AMBITION II-19“, во Сојузна Република Германија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

64. Предлог-закон за изменување на Законот за прекршоците

65. Годишен извештај на Ректорот на Универзитетот во Тетово за работата на Универзитетот во Тетово во академската 2017/2018 година

66. Барање за давање на автентично толкување на член 88 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски

67. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), поднесено од пратеникот Невенка Стаменковска Стојковски

68. Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/06, 54/07, 74/12, 99/18), поднесено од пратеникот Трајчо Димков

69. Барање за давање на автентично толкување на член 166 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), поднесено од пратеникот Џеват Адеми

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

70. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажа на недвижен имот со Имотен лист бр.1503 и Имотен лист бр.5680 за КО Ресен на КП 3484

71. Понуда од нотар Мајљинда Ајдари за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.110685 за КО Кисела Вода 2 на КП 3066

72. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15672 за КО Горно Лисиче вон градежен на КП 3869

73. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67187 за КО Маџари на КП 1108

74. Понуда од Нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.438 и за Имотен лист бр.21905 за КО Штип 4 на КП 9048 викано место/улица Никола Карев

75. Понуда од нотар Мирче Ристовски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1658 за КО Конско на КП 2435 ул. „св. Стефан"

76. Понуда од нотар Станка Горичин од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1645 за КО Охрид 4 на КП 1594, м.в. Трново

77. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист 85171 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец

78. Понуда од нотар Татјана Адемоска Конеска - Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.ИЛ 100424 за КО Кривогаштани на КП 7437/1 и КП 7437/2 м.в Село

79. Понуда од Нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен Лист бр.66260 за КО Волково на КП 1697/1

80. Понуда од Нотар Лидија Смиљановска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5234 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 12987 место викано/улица Р.Батино 15 А

81. Понуда од нотар Татјана Миовска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1614 за КО Ратево на КП 4180 викано место Прнаре

82. Заклучок од Извршител Елена Стрезоска од Охрид за прва усна јавна продажба, доставена под И.бр.447/2018 (која ќе се одржи на 7 јули 2019 година)

**д) други предлози**

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

85. Годишен извештај за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2018 година

86. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари-март 2019 година

87. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 01.07.2018 година до 30.09.2018 година

88. Информација за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови, односно намалување за 25 проценти (по примерот на Република Ирска и Сингапур) (Министерство за финансии-Управа за јавни приходи)

89. Извештај за работата на Државен завод за статистика во 2018 година

90. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и информација за работа на инспекциските служби за прв квартал од 2019 година

91. Информација во врска со работата на работна група за координација и следење на процесот на измените на Договорот за основање на енергетската заедница

92. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2018 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија

93. Годишен извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје за 2018 година

94. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Сратегијата за Роми 2014-2020 во Министерството за труд и социјална политика (за период декември 2018 - април 2019)

95. Информација за стимулирање и поддршка на стручни и дефицитарни кадри во областа на културата

96. Информација за рамномерен културен развој

97. Информација за развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

98. Информација за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Нови Присад Стена“ Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија „Алмарко Минерали“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

99. Информација во врска со постапката за одбивање на Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово на „Еуромакс Ресоурцес“ ДОО Скопје

100. Информација во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Комора на медијатори на Република Северна Македонија

101. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

102. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство

103. Информација за декларација за признавање на високо - образовните квалификации во Западен Балкан

104. Информација за обезбедување средства за плаќање на инвестиција за изграден и во употреба објект (деловен објект) на КП бр.6408 во КО Струмица, за потребите на Државниот универзитет “Гоце Делчев” - Штип

105. Предлог-одлука за именување на Драгољуб Павловски за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит

106. Предлог-одлука за именување на Јордан Панев за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова

107. Информација во врска со реализацијата на Проектот - Реконструкција, адаптација, адаптација и санација на НУ Албански театар - Скопје

*

*　　　*

Владата без забелешки го усвои на Записникот од 140-та седница на Владата, одржана на 18.6.2019 година

*

*     *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

**Предлог за определување на заменик на претседателот на Владата**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на избраните министри го определи Садула Дураки, министер за политички систем и односи меѓу заедниците за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Северна Македонија им го честита изборот на новите членови на Владата и им посака добро здравје, многу успеси во работата и во извршувањето на обврските од нивната надлежност.

Притоа, укажа на потребата во претстојниот период на добра соработка и почитување на членовите на Владата, со вложување на сето свое знаење, посветеност и умешност во работата, како предуслов за добра и успешна работа на Владата во целина, особено во реализирањето и решавањето на одделни прашања со кои ќе се соочуваат во текот на нивниот мандат.

**Предлог за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане-Миратовац, со предлог текст на Протоколот на македонски јазик**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане - Миратовац, со Нацрт - текст на Протоколот на македонски јазик и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - текстот на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане -Миратовац (на македонски јазик).

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 10 дена до српската страна по дипломатски пат да го достави Нацрт-текстот на Протоколот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане - Миратовац.

3. Се задолжува претседателот на Комисијата за отворање на нови гранични премини со соседните земји, државниот секретар во Министерството за надворешни работи и членовите на Комисијата за отворање на нови гранични премини со соседните земји, при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане - Миратовац.

4. Се овластува министерот за внатрешни работи на Владата на Република Северна Македонија, да го парафира усогласениот текст на Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за одредување на подрачјето на заедничкиот Граничен премин и спроведување на гранични проверки и контрола на Граничниот премин за локален граничен сообраќај, Лојане - Миратовац, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Комисијата за отворање на нови гранични премини со соседните земји, по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Протоколот.

Извештај од Тринаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

Владата го разгледа Извештајот од Тринаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш да испрати допис до сите државни институции и до единиците на локалната самоуправа за информација во врска со точниот број на споменици и имиња на споменици, јавни згради и јавна инфраструктура (улици, плоштади и сл.) кои се однесуваат на Хеленската историја и цивилизација, чии се авторските права за делото и во кој дел и кој е надлежен за одржување на делото.

Информацијата да се достави во рок од три дена.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш да испрати допис до сите државни институции и до единиците на локалната самоуправа за информација во врска со симболот на Сонцето од Вергина, односно каде се е импутиран симболот на Сонцето од Вергина на јавен простор (пр.згради, пешачки патеки, мостови, улици и сл.).

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го достави Прирачникот за спроведување на договорот од Преспа до сите државни институции и до единиците на локалната самоуправа.

**Предлог за насочување на дејствијата на Владата на Република Северна Македонија со работите од областа на финансиите и финансиската политика и спровдување на програмските определби од областа на финансиите**

Владата по Предлогот за насочување на дејствијата на Владата на Република Северна Македонија со работите од областа на финансиите и финансиската политика и спроведување на програмските определби од областа на финансиите заклучи:

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија ги насочува дејствијата на Владата во работите од областа на финансиите и финансиската политика и спроведување на програмските определби на Владата, согласно член 11 став (1) и став (2) и член 35 став (1) од Законот за Владата на Република Македонија.

2. Владата констатира дека се настапени условите по член 48 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и од тие причини заменикот на министерот за финансии ги презема сите овластувања и одговорности во раководењето со Министерството за финансии.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по најновиот текст на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2019 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола за 2019 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за финансиска поддршка на ЈП Агро - берза Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Комисијата за економски систем и тековна економска политика до седницата на Владата, врз основа на дополнително доставеното Известување од Министерството за финансии, да даде предлог од кое јавно претпријатие основано од државата, кое има позитивен финансиски резултат во своето работење да се обезбедат потребните финансиски средства.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за долгорочно задолжување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, (рефинансирање) и потребата од донесување на Одлука за одобрување на работењето на Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на одлуката за одобрување на засновање на заложно право над правото на долготраен закуп на земјиште под Катна гаража 9.13 Голем ринг и хипотека на објект Катна гаража 9.13 Голем ринг во Скопје (имотот дефиниран со Договорот за долгорочен кредит KR2019/12128) и Одлука за одобрување на работењето на Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во врска со донесување на одлуката за одобрување на засновање на заложно право над правото на долготраен закуп на земјиште под Катна гаража 5.13 Мал ринг во Скопје и хипотека на објект Катна гаража 5.13 Мал ринг во Скопје (имотот

дефиниран со Договорот за долгорочен кредит KR2019/12131) за наредната седница на Владата.

**Точка 5**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2018 година, со Извештај на независен ревизор и Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

3. Одлука за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Васко Стефанов, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Марина Бојаџиева, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Елена Данева, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Трајче Крстевски, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Андријан Ташковски, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Јордан Шијаков, член на Надзорен одбор) во предложениот текст.

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Небојша Стојановиќ, член на Управен одбор) во предложениот текст.

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Билјана Петроска Мантева, член на Управен одбор) во предложениот текст.

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Игор Бојаџиев, член на Управен одбор) во предложениот текст.

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Јане Стоименов, член на Управен одбор) во предложениот текст и

Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2018 година (Никола Ангеловски, член на Управен одбор) во предложениот текст.

## <u>Точка 6</u>

Владата ја разгледа Информацијата за подготвување на Предлог-закон за донирање на вишокот на храна и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство до 5 август 2019 година, до Владата да го достави Предлог-закон за донирање на вишокот на храна.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за локална самоуправа, а се укажува на Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена да одржат заеднички состанок со цел да изградат заеднички став во однос на дефинирање на корисници на храната која ќе биде донирана, односно определување на критериуми кои корисниците на храна која ќе биде донирана треба

да ги исполнуваат, како и да изградат заеднички став во однос на мониторинг на распределбата на вишокот на храна до крајните корисници.

Истовремено, Владата го номинираше Елмаз Малики од Министерството за локална самоуправа за член во работната група за подготвување на Предлог-закон за донирање на вишокот на храна, а ги задолжи Секретаријатот за европски прашања и Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија во најкус рок да достават номинации за членови во работната група за подготвување на Предлог-закон за донирање на вишокот на храна.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство,преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање  согласност на Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да се усогласи со Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид (пмв Ауди А6), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Ренаулт 19), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми П.О - Скопје (тмв Фап 13 ФФ), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген голф 4), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државно правобранителство на Република Северна Македонија (пмв Ауди А4), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (тмв Фиат дукато 230Л), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Џип широки), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Јегуновце (пмв Ауди А4), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за промоција и поддршка на туризмот (пмв Сузуки свифт), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Мерцедес бенз), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (тмв Фолксваген транспортер), во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за управување со одземен имот, да подготви и до Владата да достави информација во која во целост да се појасни начинот на бодување и критериумите со кои е извршено бодувањето на возилата и институциите, согласно Правилникот за критериуми за отстапување на одземени предмети - возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот.

## Точка 12

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Комисија за односи со верските заедници и религиозните групи и

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда - Управа за извршување на санкции (нов текст), во предложените текстови.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2019 година го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за стекнување со право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, по пат на непосредна спогодба кое преставува КП.бр.1936/2 КО Скудриње, запишана во Имотен лист број 499, со површина од 20 м2, предвидено за изградба на објект од јавен интерес-трафостаница да се додели на долготраен закуп за период од 30 години, на ЕВН - Македонија АД СКОПЈЕ, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба со ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлуки за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св.Наум до обезбедување позитивно мислење по текстот на Предлог-одлуките од Министерството за животна средина и просторно планирање и потоа да се разгледа на седница на Владата.

## Точка 17

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Бајрам Мифтари“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата по најновиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата со нови текстови на правилници за измена на правилниците за инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста,

2. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка-Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица,

3. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за микро претпријатија,

4. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка- Кофинансирани грантови за мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели“),

5. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија,

6. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф,

7. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и

8. Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка - Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации,
во предложените текстови.

## Точка 20

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Васе Симовска Бошкова, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 22**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Дест - Дејанчо Атанасов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди мислење по материјалот од ЕВН АД Скопје.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна

пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта со придружни содржини КО Ропаљце и КО Виштица-Вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта со придружни содржини КО Ропаљце и КО Виштица-вон г.р., Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот од Втората седница на Мешовитиот комитет за економска соработка меѓу Република Северна Македонија и Чешката Република и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии на Република Северна Македонија до 1 август 2019 година да формира работна група која заедно со претставници од Министерството за финансии на Чешката Република ќе започне со работа за решавање на прашањето на нераспределениот клириншки долг на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија кон поранешна Чешко - Словачка Федеративна Република.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Чешката Република за соработка во секторот на земјоделство да ги финализира преговорите во врска со текстот на Декларација за

намера, што се планира да се потпише за време на Националната школа за сточарство, во 2019 година, во Брно.

3. Се задолжува Министерството за економија најдоцна до крајот на октомври 2019 година, да оствари работна средба со претставници од Министерството за индустрија и трговија на Чешката Република за размена на искуство во делот на унапредување на регулативата од областа на минералните суровини, како и техничките нормативи и стандарди од областа на геологијата и рударството.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште Општина Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/19), со Предлог-решение, го усвои и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот "Забрдо", Општина Новаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Забрдо“, Општина Новаци, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија при склучување на Договорот за концесија и при објавување на постапката да го има предвид укажувањето од Министерството за култура-Управа за заштита на културно наследство на местата Бел Камен, Влаку, Градиште и Дабица село Живојно, да не се вршат детални геолошки истражувања на минерални суровини.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово за локацијата бр.105 и бр.106 Одранска Река и бр. 107 Беловишка Река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.105 Одранска Река на концесионерот „Супер ноува енерги" ДООЕЛ Тетово до 12.12.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Супер ноува енерги" ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

3. Се овластува министерот за економија во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци.

4. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.106 Одранска Река на концесионерот „Супер ноува енерги" ДООЕЛ Тетово до 27.12.2019 година.

5. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

6. Се овластува министерот за економија во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци.

7. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.107 Беловишка Река на концесионерот „Супер ноува енерги" ДООЕЛ Тетово до 12.9.2019 година.

8. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 7 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

9. Се овластува министерот за економија во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 7 од овие заклучоци.

10. Се задолжува министерот за економија да достави допис до концесионерите да ја продолжат важноста на банкарската гаранција за изведба за најмалку 30 дена од предлогот од Заклучоците бр. 1, 4 и 7 за продолжување на рокот за почеток со комерцијална работа.

11. Се задолжува Министерството за економија да одржи состанок на кој ќе бидат присутни градоначалникот на Општина Теарце и Виктор Андонов од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за Концесионерот „ИМПГ“ ДОО за локациите бр.373 Ештеричка река, бр.158 Кадина река, 351 Зрновска река и 353 Зрновска река за одобрување промена на управувачкиот пакет и пролонгирање на рокот за изградба на хидроелектраните и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги Италиан Мацедониан Повер Генератион ДОО Скопје на Конзорциумот составен од друштвата МИНТ-Инженеринг ДООЕЛ с.Батинци, „Алфа Инженеринг“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и „Пескара Вел“ ДООЕЛ експорт-импорт Велес, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена писмено да го извести концесионерот ИМПГ ДОО, како и конзорциумот составен од друштвата МИНТ-Инженеринг ДООЕЛ, Алфа Инженеринг ДООЕЛ и Пескара Вел ДООЕЛ за одобрување промена на управувачкиот пакет и пролонгирање на рокот за изградба на хидроелектраните и тоа:

- за локацијата 158 Кадина река, на концесионерот ИМПГ ДОО, да му се даде дополнителен рок од 12 месеци, односно до 13.6.2020 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија,
- за локацијата 353 Зрновска река, на концесионерот ИМПГ ДОО, да му се даде разумен рок од 12 месеци, односно до 23.5.2020 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија,
- за локацијата 351 Зрновска река, на концесионерот ИМПГ ДОО, да му се даде разумен рок од 12 месеци, односно до 19.6.2020 година да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот за концесија.

3. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена писмено да го извести Конзорциумот составен од друштвата „МИНТ-Инженеринг“ ДООЕЛ, „АЛФА Инженеринг“ ДООЕЛ и „Пескара Вел“ ДООЕЛ дека е потребно во рок од 30 дена да доставаат нови гаранции за изведба со рок на важност најмалку 30 дена по истекот на роковите од заклучокот број 2.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за пренос на удел во Друштвото за производство на електрична енергија „ХЕЦ 408“ ДОО Скопје, како и во Друштвото „Енерџи Лукс“ ДООЕЛ-Штип, со Предлог-одлуки (нови текстови), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност за пренос на уделите во Друштвото „ХЕЦ 408“ ДОО Скопје на МПИ „Жито Караорман“ АД Кичево и Сретен Миладиноски и

2. Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот во Друштвото „Енерџи лукс“ ДООЕЛ Штип на Друштвото ДПТУ Атом Сантех ДОО-Кочани, во предложените текстови.“

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на воспоставувањето на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општината Ранковце, да го потпише Договорот за спроведување на проектите за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во рамките на ИПА 2, најдоцна до крајот на јули 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги достави договорите за спроведување на проектите за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во рамките на ИПА 2, до Делегација на Европска Унија, најдоцна до крајот на јули 2019 година.

3. Се препорачува на општините Берово, Македонска Каменица, Куманово, Ранковце, Кратово, Крива Паланка и Липково да ги преземат сите активности за спроведување на постапката за експропријација на парцелите кои се во приватна сопственост на кои треба да се спроведуваат проектните активности, односно на кои ќе се врши затворање на непрописните депонии/ѓубришта и изградба на претоварни станици.

За ова да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање со конкретни чекори со временска рамка, најдоцна до крајот на јули 2019 година.

4. Се препорачува на општините Свети Николе, Берово, Македонска Каменица, Куманово, Ранковце, Виница и Штип да ги преземат сите активности за спроведување на постапката за издавање на одобренија за градење.

За ова да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање со конкретни чекори со временска рамка, најдоцна до крајот на јули 2019 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготови изменувања и дополнувања на Правилникот за систематизација и Правилникот за внатрешна организација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, во делот од Проектна единица за имплементација на проектот „Реконструкција и проширување на канализационата мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води“ и најдоцна до крајот на јули 2019 година да ја достави на одобрување до Министерството за информатичко општество и администрација.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии во законска постапка да обезбеди вработувања за Проектната единица.

7. Се препорачува на општините Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце, Крива Паланка, Свети Николе, Штип, Кочани, Пробиштип, Делчево, Македонска Каменица, Берово, Пехчево, Виница, Чешиново-Облешево, Карбинци и Зрновци да ја завршат постапката за формирање на јавно меѓурегионално претпријатие за управување со отпад најдоцна до 31 август 2019 година и за истото да достават информација до Владата, најдоцна до крајот на септември 2019 година.

8. Се препорачува на ЈП Државни патишта до крајот на 2019 година да изработи техничка документација за реконструкција, проширување и рехабилитација на регионалниот пат Р 2236.

9. Се препорачува на ЈП Државни патишта во Годишната програма за 2020 година да предвиди средства за реконструкција, проширување и рехабилитација на регионалниот пат Р 2236.

10. Се препорачува на Општина Свети Николе, во соработка со останатите општини од Источен и Североисточен плански регион, а со помош на Министерството за животна средина и просторно планирање и ЈП Државни патишта, да поднесе до Проектната канцеларија на Светска банка (Проектот за подобрување на општинските услуги), барање за финансирање за добивање на грант за подготовка на проектна документација за пристапните патишта во локална надлежност за поврзување на планираната регионалната депонија, најдоцна до крајот на јули 2019 година.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Регулаторната комисија за енергетика да подготви и најдоцна до крајот на јули 2019 година до Владата да достави информација во врска со воспоставувањето на нов систем за утврдување на тарифа за управување со отпад.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување просторни услови и кадровско доекипирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди соодветен простор за сместување и работа на Државниот инспекторат за локална самоуправа и согласно ова во рок од 14 дена до Владата да достави Предлог-одлука за давање на користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

2. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да обезбеди возило за потребите на инспекциската служба на Државниот инспекторат за локална самоуправа и согласно ова во рок од 14 дена до Владата да достави соодветна предлог-одлука.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Амандманот од Доха на Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 37

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање нов граничен премин меѓу двете земји кој ќе ги поврзува Мајден во Република Северна Македонија и Промахои во Република Грција (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи а за повереници Наташа Дескоска директор во

Министерството за надворешни работи, Звонимир Поповиќ директор во Министерството за надворешни работи и Игор Поповски директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодба меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во Регионот на Преспанското Езеро (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи, Звонимир Поповиќ, директор во Министерството за надворешни работи и Игор Поповски, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за ослободување од бесперспективно оружје на Армијата на Република Северна Македонија, го усвои и го задолжи Министерството за одбрана по завршување на постапките за процена и согласности за отуѓување на средствата, во рок од 30 дена да достави до Владата на Република Северна Македонија соодветни одлуки за располагање со бесперспективното оружје на Армијата на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од уништување на оружјето кое се наоѓа во просториите на касарна Еребино и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена од доставување на номинациите да формира меѓуресорска комисија, составена од претставници од Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Основен кривичен суд Скопје, Основно јавно обвинителство Скопје и Агенција за управување со одземен имот, која ќе има задача да го евидентира, селектира и утврди статусот на постапката за предметното оружје кое се наоѓа во просториите на Касарната „Еребино“.

2. Се задолжува Министерство за внатрешни работи, а се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од три дена до Министерството за правда да доставaт номинации на претставници од своите институции кои ќе бидат членови на меѓуресорската комисија.

3. Се задолжува Министерство за правда да му укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Основниот кривичен суд Скопје во рок од три дена до Министерството за правда да достави номинации на претставници од својата институција кои ќе бидат членови на меѓуресорската комисија.

4. Се задолжува Министерство за правда да му укаже на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство Скопје во рок од три дена до Министерството за правда да достави номинации на претставници од својата институција кои ќе бидат членови на меѓуресорската комисија.

5. Се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот во рок од седум дена од завршување на активностите на меѓуресорската комисија, да ги преземе потребните мерки за евидентирање на оружјето согласно закон и да се обрати до комисијата предвидена со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, со цел спроведување постапка за уништување на оружјето согласно закон.

6. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда и Дирекцијата за заштита и спасување и се укажува на Агенцијата за управување со одземен имот, да придонесат со активно учество, логистичка поддршка, материјално - технички и човечки ресурси, товарни и моторни возила, сообраќајно и физичко обезбедување на транспортот и друго во процесот на уништување на оружјето, а на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да овозможи соодветни простории и логистички услови на Армискиот полигон „Криволак" со цел безбедно уништување на предметите минско - експлозивни средства.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од седум дена од завршување на активностите на меѓуресорската комисија да преземе мерки за уништување на останатиот дел од оружјето за кое е утврдено дека не можат да се применат одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за Интегрираниот план за нуклеарна безбедносна поддршка на меѓуресорската Работна група и Меѓународната агенција за атомска енергија, со нов текст на Интегриран план за поддршка на нуклеарна безбедност во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го прифати Интегрираниот план за поддршка на нуклеарна безбедност во Република Северна Македонија .

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за користењето на веб-апликацијата - Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до крајот на јули 2019 година, во веб-апликацијата - Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари, преку определените лица за корисници да ги внесат и ажурираат податоците за кривичните пријави односно извештаи доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари-јуни 2019 година за случаи на корупција и перење пари, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

2. Се задолжува Министерството за правда во август 2019 година до Владата да достави информација за користењето на веб-апликацијата - Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари - прв и втор извештаен период 2019 година (јануари - март и април - јуни).

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање меѓуресорска работна група за подготовка на анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и нејзиното користење, со Предлог-решение и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на меѓуресорска работна група за подготовка на анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и нејзиното користење, во предложениот текст.

2. Се задолжува меѓуресорската работна група, согласно мерката 1.6 од Националниот оперативен бродбенд план, да подготви анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и нејзиното користење, како и можно нејзино користење за изградба и развој на НТОМ (национална транспортна оптичка мрежа), најдоцна до октомври 2019 година.

3. Се задолжува меѓуресорската работна група при подготовка на анализата, на месечно ниво, а по потреба на секои 15 (петнаесет) дена, да го известува министерот за информатичко општество и администрација за преземените и реализираните активности.

4. Се задолжува меѓуресорската работна група анализата за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и користењето на истата, како и можно нејзино користење за изградба и развој на НТОМ (национална транспортна оптичка мрежа), да ја достави до Владата, најдоцна до ноември 2019 година.

**Точка 44.**

Владата ја разгледа Информацијата за мапирање на јавните институции и локации за бесплатен „wifi“ пристап и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државна управа, органи во состав и управни организации, во рок од седум (7) дена, до ЈП Национална Радиодифузија да достават информации за нивното телекомуникациско поврзување (постојно и планирано), како и за локациите за бесплатен безжичен „WIFI“ интернет пристап.

2. Се препорачува на сите самостојни органи и единици на локална самоуправа, во рок од седум (7) дена, до ЈП Национална Радиодифузија да достават информации за нивното телекомуникациско поврзување (постојно и планирано), како и за локациите за бесплатен безжичен WIFI интернет пристап.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза„ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за

воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетскиот Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за извршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството.

2. Се овластува д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството.

## Точка 49

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Акциски план за зајакнување на капацитетите на националниот систем за следење, превенција и контрола на заразни болести и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата со Акциски план за зајакнување на капацитетите на националниот систем за следење, превенција и контрола на заразни болести.

2. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за зајакнување на капацитетите на националниот систем за следење, превенција и контрола на заразни болести, што Министерството за здравство ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство, во делот на одговорните и другите вклучени институции, прецизирање на работните групи, како и надворешните експерти и здравствени институции/установи.

## Точка 50

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички

науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2019/2020 година, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола, Универзитет во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2019-2020 година, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2019 година, со заклучок Министерството за локална самоуправа во прилог да ја достави Одлуката на Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2019 година, во предложениот текст, со заклучок Министерството за локална самоуправа во прилог да ја достави Одлуката на Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Народна банка на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок до потпишување на истата предлагачот да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Тунис, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Федерацијата на Свети Кристофер и Невис, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „MILEX 19“ во Кралство Белгија и Република Грција, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „CAMBRION PATROL“ во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „MAPLE ARCH 19“ во Грузија, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „RAMSTEIN AMBITION II-19“ во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за прекршоците, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлог-законот за изменување на Законот за прекршоците, поднесен од група пратеници се предлага изменување на член 126 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) со кој се предлага рокот за поднесување на жалбата наместо 8 дена да биде 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Владата смета дека Законот за прекршоците е lex generalis, процесен закон кој е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во член 2 став (2) и став (3) од овој закон е предвидено „Ако со одредбите од овој закон поинаку не е определено, судовите во прекршочната постапка ги применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на основните начела: јазикот, месната надлежност, последици од ненадлежност, судир на надлежности, изземање, обвинет, бранител, поднесоци, записници, рокови, имотно-правно барање, донесување и соопштување на одлуките, достава на писмена и редовни и вонредни правни лекови.

(3) Прекршочниот орган при водењето на прекршочната постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено.“.

Прекршочната постапка пред прекршочен орган е уредена во Главата девет, а конкретно во членот 68 став (1) е предвидено дека „Против решението за прекршок што го донел прекршочниот орган може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на решението преку прекршочниот орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, основана со посебен закон.“.

Оваа одредба согласно член 134 важи до 31.12.2020 година кога против одлуките на прекршочните органи ќе се води управен спор пред Управниот суд, а рокот за поднесување на тужбата е 30 дена од денот на приемот на првостепената одлука (член 70).

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека беспредметно е да се прифати овој Предлог-закон за изменување на Законот за прекршоците, поднесен од група пратеници.

## Точка 65

Владата го одложи за наредната седница  разгледувањето на Годишниот извештај за работењето на Универзитетот во Тетово во академската 2017/2018 година, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука да достави заедничко мислење со Министерството за финансии.“

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 88 став (1) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски и притоа го утврди следново мислење:

I. Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно - правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница.

Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

II. Владата на Република Северна Македонија во врска со поднесеното Барање за автентично толкување на членот 88 став (1) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски оцени дека нема потреба да се даде автентично толкување на наведената одредба.

Од извршената анализа на оваа законска одредба произлегува следното:

Со член 88 став (1) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) наведено е дека „Стечајниот управник е должен во рок од пет дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањето да состави посебна табела во која ќе ги евидентира пријавите на сите стечајни доверители кои го пропуштиле рокот за пријавување на побарувањето согласно со членот 87 став (1) од овој закон која ја доставува до стечајниот судија. Стечајниот судија најдоцна во рок од три дена од приемот на табелата доставена од стечајниот управник ќе донесе решение за отфрлање на поднесените пријави како ненавремени. Против ова решение дозволена е жалба по која апелациониот суд одлучува најдоцна во рок од осум дена од приемот на жалбата. По правосилноста на решението со кое пријавата е отфрлена како ненавремена се смета дека стечајниот доверител го изгубил правото да го наплати побарувањето во стечајна постапка.

Значи законодавецот ја уредил постапката на пријавување на побарувањата на многу јасен начин кој во практиката не остава можност за поинакво толкување.

Имено, секој стечаен доверител во законскиот рок од 15 дена може да поднесе само една пријава за своето побарување спрема должникот.

Со одредбата од член 53 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79 од 31 мај 2013 година во целост ја изменил одредбата од член 88 од Законот за стечај и на едно место ги уредил постапките на стечајниот управник по ненавремените и неуредните пријави на доверителите.

Така во став (1) е уредена постапката која стечајниот управник треба да ја спроведе во случај ако утврди дека некој од стечајните доверители поднел пријава по истекот на рокот од 15 дена од денот кога огласот за отворање на стечајна постапка е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Првиот чекор е стечајниот управник да изготви посебна табела односно шема која ја доставува до стечајниот судија заедно со доказите за приемот на пријавата односно за ненавременоста.

Вториот чекор е стечајниот судија врз основа на вака поднесената табела - шема носи решение со кое констатира дека поднесената пријава е ненавремена или го одбива барањето на стечајниот управник. Ако се утврди дека стечајниот управник погрешно констатирал дека

пријавата е ненавремена, судот му наложува на стечајниот управник да ја продолжи постапка за испитување на побарувањето.

Ако се утврди дека пријавата е ненавремена судот носи решение кое го доставува до доверителот и стечајниот управник. Доверителот има право на жалба во рок од осум дена по приемот. Ако Второстепениот суд го потврди првостепеното решение или пак доверителот не поднесе жалба, стечајниот управник ненавремено поднесената пријава нема да ја оценува и нема да биде внесена во табелата за утврдени и оспорени побарувања.

Од оваа кратка анализа на цитираната законска одредба чие толкување се бара може да се заклучат две работи:

- ниту еден стечаен доверител не може да поднесе две пријави за исто побарување во стечајната постапка.
- по правосилното утврдување на ненавременоста на поднесената пријава тој го изгубил правото да бара наплата на своето побарување во стечајната постапка што повторно значи дека нема законска можност повторно да поднесе нова пријава за пријавување на истото побарување кое еднаш е оценето како ненавремено. Сето ова јасно произлегува од анализираната законска одредба чие автентично толкување се бара.

## <u>Точка 67</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), поднесено од пратеникот Невенка Стаменковска Стојковски и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 5 од Законот за прекршоците е утврдено начелото „Забрана за двојно изрекување санкции - Никој не може повторно да биде санкциониран за прекршок за кој веќе била водена постапка и за истото дејствие му била изречена кривична или прекршочна санкција. “

Исто така, ова начело е предвидено и во член 7 од Кривичниот законик како „Забрана за двојно судење или казнување - Никој не може повторно да биде суден или казнет за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.“

Согласно член 2 од Законот за прекршоците „За прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.“

Забраната за двојно судење и казнување (non bis in idem), забранува лицето да биде едновремено или сукцесивно повторно судено (nemo debet bis vexari pro una et eadem causa) или казнувано (nemo debet bis puniri pro uno delicto),  за исто кривично дело или прекршок за кое веќе било судено и казнето со правосилна одлука. Оваа забрана ги штити граѓаните од неограниченото државно право на казнување и едновремено овозможува почитување на

правилото дека секој пресуден предмет се смета за вистинит со што се овозможува легитимност на правниот систем.

Содржината на членот 5 од Законот за прекршоците е идентична со член 14 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија („Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука"), каде што забраната за двојно судење или казнување е подигната на ранг на уставно начело, со таа разлика што Уставот ја предвидува забраната во однос на казнивите дела во кои, покрај кривичните дела, спаѓаат и прекршоците.

Во барањето за автентично толкување е наведено дека може да се појави дилема при примената на зборот „повторно", односно дека тоа би значело дека истото лице кое повторно го извршува истиот прекршок согласно одредбата од членот 5 од Законот за прекршоците нема да може повторно да биде санкциониран. Напротив оваа одредба е сосема јасна од причина што зборот „повторно" е упортребен во смисла на повторно водење на постапка и изрекување на прекршочна санкција за исто дејствие сторено во точно определен временски период, од точно определен сторител и на определен начин. Ова значи дека употребениот збор „повторно", не се однесува за повторно сторување на нов прекршок од ист вид од страна на истот сторител.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека конкретната одредба од Законот за прекршоците е прецизна и јасна и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не дава автентично толкување на член 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19).

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/06, 54/07, 74/12, 99/18), поднесено од пратеникот Трајчо Димков, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за култура да достави ново мислење во соработка со Агенцијата за млади и спорт."

**Точка 69**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 166 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), поднесено од пратеникот Џеват Адеми, со заклучок претходно да се разгледа на седницата на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, имајќи го предвид новодоставеното Мислење од Министерството за образование и наука."

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата за продажа на недвижен имот со Имотен лист бр.1503 и Имотен лист бр.5680 за КО Ресен на КП 3484, доставена од нотар Николче Павловски од Ресен и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мајљинда Ајдари за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.110685 за КО Кисела Вода 2, КП 3066 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15672 за КО Горно Лисиче вон граџежен на КП 3869 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67187 за КО Маџари на КП 1108, доставена од нотар Ана Брашнарска од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.438 и за Имотен лист бр.21905 за КО Штип 4 на КП 9048 викано место/улица Никола Карев, доставена од нотар Елена Ристовска од Штип и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мирче Ристески од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1658 за КО Конско на КП 2435 викано место-улица „Св. Стефан“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Агенцијата за катастар за недвижности.

## Точка 76

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1645 за КО Охрид 4 на КП 1594, м.в. Трново и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 77

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист 85171 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 78

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адемоска Конеска - Прилеп, за продажба на недвижен имот со имотен лист бр. ИЛ 100424 за КО Кривогаштани на КП 7437/1 и КП 7437/2 м.в Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 79

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен Лист бр.66260 за КО Волково на КП 1697/1 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.5234 за КО Ѓорче Петров 6 на КП 12987, место викано/улица Р. Батино 15А и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Миовска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1614 за КО Ратево на КП бр. 4180 викано место Прнаре и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 82

Владата го одложи разгледувањето на Заклучокот од Извршител Елена Стрезоска од Охрид за прва усна јавна продажба, доставена под И.бр.447/2018, за наредната седница на Владата, откако истиот претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

## Точка 83

**1.** Владата го именува Орхан Рамадани, досегашен директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за вршител на должност директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да распише конкурс за избор на директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија."

**2.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија го определи Садула Дураки, министер за политички систем и односи меѓу заедниците, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го именува Орхан Рамадани, досегашен директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за вршител на должност директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**4.** Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициент за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија (-за директор на Агенцијата за национална безбедност и за заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност).

**5.** Владата го разреши Јоше Попоски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, на негово барање.

**6.** Владата го именува Златко Ориѓански за директор на Културно-информативниот центар во Тирана, Република Албанија, на предлог на министерот за култура.

## Точка 84

**1.** Владата заклучи:

- Се укажува на сите акционерски друштва во државна сопственост и сите јавни претпријатија основани од државата, најдоцна до 15 јули 2019 година до Владата да достават детални извештаи за степенот на реализација на инвестиционите програми за 2019 година, заклучно со 30.6.2019 година (одделно за секоја ставка од истите).

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 24 јуни 2019 година до 30 јуни 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по предлогот за изменување на Заклучокот од Сто триесет и деветтата седница на Владата, бр.44-4398/1 од 11 јуни 2019 година, по Извештајот од Дванаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, заклучи истиот да се измени и да гласи:
„се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, согласно новиот назив на Академијата на науките и уметностите на Република Северна Македонија - МАНУ".

**4.** По повод Барањата за финансиска поддршка на Михаела Хаџиска до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведени под бр.08-2058/1 и 08-2059/1 од 21 јуни 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на учеството на Михаела Хаџиска на Светска математичка олимпијада 2019 на Универзитетот во Бат - Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска и GENIUS Olympaid Oswego USA 2019 (Меѓународен школски натпревар за еколошки прашања), Владата заклучи:
„се задолжува Генералниот секретаријат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 -Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 30.000,00 денари на горенаведениот субјект, на жиро сметка со број 530500018649371, Охридска Банка АД Скопје".

**5.** По повод Барањето за финансиска поддршка на Дарко Тасевски до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2057/1 од 21 јуни 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна

Македонија на учеството на Дарко Тасевски на Светско првенство во кросфит, што ќе се одржи од 29 јули до 4 август 2019 година во САД, Владата заклучи:
„се задолжува Генералниот секретаријат од буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 -Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464- Разни трансфери да уплати 20.000,00 денари на горенаведениот субјект, на жиро сметка со број 300007020397346, Комерцијална Банка АД Скопје".

**6.** По повод извршената процена на целокупниот имот на АД ГА- МА Скопје од Бирото за судски вештачења, за потребите на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи:

1) Се задолжува Бирото за судски вештачења да ја сторнира фактурата бр.5-0232/2018 од 12 јуни 2019 година.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи анекс на Договорот за деловна соработка бр.21-4318/1 од 7 јуни 2019 година.

3) Се задолжува Бирото за судски вештачења по склучувањето на анексот на Договорот за деловна соработка бр.21-4318/1 од 7 јуни 2019 година да издаде нова фактура која не го содржи надоместокот кој следува за Бирото, односно да го содржи само надоместокот за ангажираните надворешни соработници за извршената процена.

**7.** Владата го разгледа Предлогот за престанување на важење на заклучок од 141 седница на Владата усвоен по точка 27 - Информација во врска со одржувањето на Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп закажано на 28.6.2019 година и заклучи последниот став од заклучокот број 9 кој гласи:
„ Истовремено, Владата го задолжи претставникот на акциите на Владата во Тутунски комбинат АД Прилеп да предложи да се дополни Дневниот ред на Годишното собрание на акционерите со нова точка - отпочнување постапка за продажба на Друштвото во рок од 60 дена, со цел да донесе одлука за продажба на Друштвото.", да престане да важи.
Истовремено, во врска со ова прашање Владата заклучи:

10 Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена да формира работна група за утврдување на начинот, условите и документацијата за приватизација на државниот капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп, во состав од претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

2) Се задолжуваат сите институции од заклучокот под реден број 1 во рок од седум дена да номинираат претставници во работната група, до Министерството за економија.

3) Се задолжува Бирото за судски вештачења во рок од 30 дена да изготви процена за вредноста на вкупниот имот на Тутунски комбинат АД Прилеп, без надоместокот кој следува за Бирото.

**8.** Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

## Точка 85

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари - март 2019 година, со табеларен преглед, како материјал за информирање.

## Точка 87

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи Министерството за транспорт и врски да достави Мислење до Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

## Точка 88

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови, односно намалување за 25 проценти, како материјал за информирање.

## Точка 89

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државен завод за статистика во 2018 година, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи Државниот завод за статистика при реализација на својата годишна програма за вработување и унапредување да го почитува уставниот принцип на соодветна и правична застапеност, како и да ја разгледа можноста во соработка со Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во најкус можен рок да се прераспределат соодветни административни службеници од повисок ранг и со поголемо искуство согласно потребите на Државниот завод за статистика.

**<u>Точка 90</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и информација за работа на инспекциските служби, за прв квартал од 2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 91</u>**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со работата на работна група за координација и следење на процесот на измените на Договорот за основање на енергетската заедница за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 92</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2018 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 93</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје во Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 94</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014 - 2020 во Министерството за труд и социјална политика, за периодот декември 2018 - април 2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 95</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за стимулирање и поддршка на стручни и дефицитарни кадри во областа на културата, како материјал за информирање.

**<u>Точка 96</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за рамномерен културен развој, како материјал за информирање.

**<u>Точка 97</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните, како материјал за информирање.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата за проширување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Нови Присад Стена" Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија Алмарко Минерали ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за проширување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Стари Присад Стена" Општина Прилеп на Друштво за производство, услуги и трговија Алмарко минерали ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 99

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за одбивање на Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „Иловица", Општина Босилово на Еуромакс Ресоурцес ДОО Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 100

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Комората на медијатори на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на органите на државната управа, други државни институции и единиците на локалната самоуправа при решавање на спорни прашања кои произлегуваат од делокругот на нивното работење, да ја изберат медијацијата како можност за решавање на споровите со цел побрзо решавање на истите и спречување на дополнителни трошоци кои произлегуваат од нив и при остварување на деловната соработка да учествуваат во унапредување на пристапот за компромисно решавање на споровите.
2. Се задолжува Министерството за правда при изготвување на измени на соодветни закони, да предвиди измени во делот на испитот за медијација со цел ревизија на испитот на медијатори во насока на потребни компетенции и вештини кои треба да ги поседуваат медијаторите, во делот на усогласување во водењето на регистри за медијација кои ги водат Министерство за правда и медијаторите како и воведување на електронска достава во медијација.

## Точка 101

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (нов текст) и Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено

користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.
2. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 102

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот, Министерството за транспорт и врски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.
2. Во однос на член 24 став (3) од текстот на Предлог-законот, Министерството за транспорт и врски да ги истражи сите регионални искуства на кој начин и како го уредуваат ова прашање.
3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Снежана Филиповска Павлеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 103

Владата ја разгледа Информацијата за Декларација за признавање на високо -образовните квалификации во Западен Балкан, со текст на Декларација, како материјал за информирање.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување средства за плаќање на инвестиција за изграден и во употреба објект (деловен објект) на КП бр.6408 во КО Струмица, за потребите на Државниот универзитет „Гоце Делчев" - Штип ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии и Управата за имотно-правни работи, во рок од 15 дена, да се произнесат дали постои законски основ за обезбедување средства во вкупен износ од 24.672.000 денари за целосна исплата на инвестицијата заради решавање на просторните

услови за непречено одвивање на наставата за студентите запишани на студиски програми во Наставниот центар во Струмица, а кои се во склоп на Државниот универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Информацијата, да се обезбедат во рамки на одобрените средства со буџетите на надлежните институции.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит, во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Реконструкција, адаптација и санација на НУ Албански театар" - Скопје и заклучи Министерството за култура да подготви и до Владата да достави информација за можноста за пренамена на средствата во рамките на сопствениот буџет, за реализација на Проектот.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |